# За организацијата Carers Victoria

Организацијата Carers Victoria е единствената организација застапена низ целата држава што е сосредоточена само на негувателите во семејството. Нашата главна улога е да ги застапуваме интересите на негувателите и да се залагаме во нивно име на сите нивоа на власта и кај давателите на услуги. Исто така нудиме информации и поддршка, советување и поучување.

## Кој е негувател?

Негувател е лице што пружа бесплатно нега и поддршка на член на семејството или пријател што е онеспособен, страда од душевна болест или од хронична болест. Лицето што го негувате може да биде дете, остарен родител, пријател или брачен другар.

## Што им нуди организацијата Carers Victoria на негувателите?

## Советување и поддршка

***Советувањето*** се состои од разговор со некој што може да ви помогне да внесете позитивни промени во вашата улога на негувател и во вашиот живот. Барањето на советување не е знак на неуспех, не е неспособност да се справите со ситуацијата или да се чувствувате несоодветно. Тоа значи да се грижите исто така и за себеси - во спротивно како ќе можете да му ја пружите најдобрата нега на лицето што го сакате или за кое сте одговорни?

Советување може да се добие на англиски и на 39 други јазици.

Тоа може да се изврши по телефон или со разговор лице в лице. Засега оваа услуга е бесплатна за негувателите.

Исто така може да добиете ***поддршка*** преку добро информирање и помош околу специфични проблеми, на пример, како да добиете Исплата за негувател (Carer Payment) или Додаток за негувател (Carer Allowance).

При пружањето на овие услуги се обрнува големо внимание на доверливоста на негувателите.

## Групи за поддршка на негуватели

Вашата локална служба специфична за секоја етничка заедница може да понуди група за поддршка на негуватели во вашата заедница, или пак организацијата Carers Victoria можеби може да ви помогне да стапите во контакт со група во вашата близина.

Групите за поддршка на негувателите се од голема помош за негувателите. Тие се место каде што негувателите се чувствуваат сфатени и можат да го споделат она што се случува во нивната улога на негуватели, и да учат од искуствата на другите. Собирите на групата овозможуваат други активности и одмор од негата. Тоа се друштвени или поучни активности наменети да им помогнат на негувателите во нивната улога како негуватели. Некои групи се општи, а некои се специфични во врска со одредена здравствена состојба, на пример, Паркинсонова болест, душевна болест.

## Поучување

Организацијата Carers Victoria нуди програма за поучување на негувателите ширум целата држава. Програмата е наменета да им помогне на негувателите да се грижат и за сопственото здравје и добросостојба за да можат да ја зачуваат силата што им е потребна за извршување на нивните обврски како негуватели,
а исто така и самите да добијат малку поквалитетен живот. Нашите програми ги приспособуваме кон специјалните потреби на групата, ако тоа е потребно. Ако сте член на група за поддршка на негуватели, замолете го лицето што ја води да се јави во Carers Victoria за да договори програма.

Оваа услуга е бесплатна за негувателите. Во некои околности може да биде наплатена извесна сума.

**За сите наши услуги јавете се на: Бесплатен повик 1800 242 636***

## Регионални служби за одмена од негата

***Што е тоа одмена од негата?*** Тоа е одмор од негата - време за одморање, занимавање со вашата омилена активност или дружење со пријателите. Има девет регионални служби за одмена од негата во Викторија. Тие можат да ви помогнат со одмена од негата во итни случаи, со одмена во домот или во центар за дневна нега, или пак со подолга одмена од негата кога лицето кое го негувате се сместува во установа за нега.

Целта на одмената од негата е да ви помогне да ја зачувате рамнотежата во вашиот живот како негувател. Негата има многу добри страни за негувателите - радост што лицето може да остане да живее дома, најдобра нега, подлабока блискост. Но таа исто така може да биде и тешка и напната работа и може да доведе до влошување на здравјето ако не се води грижа. Редовните одмори од негата се од основна важност за да можете да продолжите со пружањето нега а притоа и самите да имате малку поквалитетен живот.

**Бесплатен повик:  1800 052 222***

**Бесплатен повик, освен од мобилни телефони.*

## Финансиска поддршка

## Исплати што ги дава Centrelink за поддршка на негувателите се:

Carer Payment (Исплата за негуватели) е исплата за поддршка на приходот што се дава врз основа на проверка на приходот и имотот, во случај кога негувателот не може да продолжи да работи со полно работно време поради своите обврски како негувател. Ако се исполнуваат условите, може да се добијат и други попусти, на пример, парична помош за плаќање телефон или кирија. Исплатата се врши на две недели.

Carer Allowance (Додаток за негуватели) не зависи од проверката на приходот и имотот; тоа е мал паричен износ за плаќање на некои од трошоците поврзани со негувањето на некое лице дома. При поднесувањето на барање потребен е извештај од  здравствен работник. Исплатата се врши на две недели.

Јавете се во организацијата Carers Victoria за совет во врска со тоа како да ги пополните молбените формулари.

## Centrelink : 13 12 02